# Забава и разонода во слободното време

Општината пружа многу објекти за забава и разонода во слободното време на целата своја територија, вклучувајќи библиотеки, базени и клубови за здрав живот, како и терен за голф.

## Библиотеки

Во подрачјето има осум библитеки, плус подвижна библиотечна служба. Зачленувањето е бесплатно, а може да позајмувате книги, дискови ДВД и списанија на англиски и на други јазици. Исто така има и компјутери со бесплатен пристап на интернет.

Библиотеките исто така организираат и раскажување приказни за мали деца и деца на предучилишна возраст, приредби во текот на училишните распусти и многу други активности. За повеќе информации за библиотеките во Банјул јавете се во Регионалната библиотека Јара Пленти на 9408 7888 или посетете го местото на интернет www.yprl.vic.gov.au

## Активности за забава и разонода во слободното време

Има два центри за забава и разонода во слободното време со кои раководи општина Банјул. Центарот за активности на вода во Ајванхо и Олимпискиот центар за забава и разонода во слободното време во Западен Хајделберг имаат сали за вежбање, затворени базени, базени со масажа, сауни и услуга за згрижување на деца на самото место, а покрај тоа имаат и разновиден избор на програми за постигнување и одржување на телесната форма. Во Банјул исто така се наоѓа и YMCA Центарот за забава, разонода и вежбање во Меклауд.

Часови и натпревари за одбојка и кошарка се одржуваат за луѓе од сите возрасти на одбојкарското игралиште во Банјул, на Олимпискиот центар за забава и разонода во слободното време и на кошаркарското игралиште Банксија.

Теренот за голф во Ајванхо нуди висококвалитетни можности за играње голф за играчи на голф со најразлични способности.

## Куќи за соседството

Банјул има седум Куќи за соседството и Центри за учење што се наоѓаат во Бандура, Гринзборо, Ајванхо, Розана, Вотсонија и Западен Хајделберг.

Куќите за соседството нудат низа разновидни курсеви вклучувајќи образование, забава и разонода во слободното време, програми за творечки активности и за личен развој. Некои Куќи за соседството исто така нудат и курсеви по англиски како втор јазик. Јавете ни се за повеќе информации.



Banyule
CITY COUNCIL

# Забава и разонода во слободното време

## Пешачки и велосипедски патеки

Во Банјул има голем број пешачки и велосипедски патеки во кои жителите можат да уживаат. Ве молиме јавете ни се за поединости за вашата најблиска таква патека.

## Паркови и градини

Во Банјул има многу паркови, градини и спортски терени. Многу од нив имаат детски игралишта, скари и опрема за спортување. Јавете ни се за повеќе информации.

Ако сакате повеќе информации а ви треба помош од преведувач, ве молиме јавете се во Телефонската преведувачка служба TIS National на 131 450 и побарајте да ве поврзат со општина Банјул на 9490 4222.

Инаку може да се јавите во општина Банјул ако се јавите кај нашиот Тим за услуги на клиентите на 9490 4222, ако посетите некој од нашите Услужни центри во Ајванхо или во Розана, или ако ни испратите електронско писмо на enquiries@banyule.vic.gov.au